РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

# ПРАВИЛНИК
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ДРЖАВНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОРАТ

Број 04-1541/1
29.01.2024 година,
Скопје

CamScanner

Врз основа на член 5 од Законот за преземање на административни службеници вработени преку к-5 програма во Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 302/2020), в.д. Директорот на Државниот просветен инспекторат, на ден 29.01.2024 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државен просветен инспекторат

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Државен просветен инспекторат, број 04-1370/5 од 15.11.2018 година, 04-71/2 од 28.01.2021 година, 04-338/1 од 20.05.2021 година, 04-391/1 од 24.06.2021, 04-206/1 од 02.03.2022 година, 04-1128/3 од 07.12.2022 година, 04-696/1 од 13.06.2023 година и 04-1012/1 од 04.09.2023 година.

Член 2

Во Табеларниот приказ на работни места, глава V, во Одделение за инспекциски надзор и оценување на квалитетот во предучилишно, основно, средно, пост-средно образование , ученички домови, образование во специјализирани воспитно-образовни установи и друго образование во полошки плански регион,кај работното место со реден број 49 и Шифра УПР0101В04000, Помлад соработник за оценување на квалитетот во образованието во полошки плански регион, во делот број на извршители бројот „2“ се заменува со бројот „3“.

Член 3

Согласно измените и дополнувањата во интегралниот текст на Правилникот, се вршат измени и дополнувања на табеларниот преглед на работните места како составен дел на Правилникот за систематизација на работните места во Државен просветен инспекторат.

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр.04-154/1
29.01.2024 година

в.д.Директор/u.d.Drejtori,
Halit Feratovi

CamScanner